Европска Унија

Делегација на Европската унија

9 јули 2013

# Дебата по повод членството на Хрватска во Европската унија организирана од страна на Институтот за геостратешко истражување и надворешна политика при Министерството за надворешни работи

Говор
Амбасадор Аиво Орав
Шеф на Делегацијата на ЕУ

Господине Претседавач, Министер, Амбасадор на Хрватска, дами и господа,

Имаме многу за празнување овој месец во ЕУ – Хрватска, на 1-ви април 2013-та, стана 28-та членка на ЕУ.

Овој ден ќе биде запишан во историјата на Хрватска, во историјата на ЕУ и во историјата на Југоисточна Европа.

Хрватска и се придружи на ЕУ – тоа подразбра неколку работи:

- Во заблуда се оние кои мислат дека проширувањето на ЕУ најдобро може да се опише со зборовите "Замор од проширување"- Хрватска покажа дека проширувањето продолжува;
- Членството во ЕУ е можно ако се има силна политичка волја, вистинска желба за реформирање на државата и ако се следат демократските стандарди.

Хрватска и се придружи на ЕУ во времиња кои веројатно не се најдобри за Унијата – постојат гласини кои одат во тој правец.

Можеме да слушнеме вакви размислувања од евроскептиците внатре и надвор од Европската унија.

Ајде да ги погледнеме најчесто користените аргументи против ЕУ: зголемување на цените, поголема бирократија, помала независност, економски проблеми и, на врв на сето тоа, дека утре ќе пропадне еврото

**Зголемување на цените:** некои зголемувања на цените се неизбежни кога некоја земја и се приклучува на Унијата, како што е акцизата за цигари.

Но, нема ништо лошо доколку цигарите поскапат, тоа ќе доведе до подолг живот за луѓето.

Многу производи може да поскапат, бидејќи нема место неефикасните компании да уживаат значајна помош од државата.

Причината е сите компании да бидат на исто ниво со цел да произведуваат производи и да обезбедат услуги за доброто на граѓаните на Европската унија. Добар пример за ова се цените за роаминг на телекомуникациските компании на ЕУ.

**Бирократија –** ова е често користен аргумент против Европската унија.

Земјите-членки на ЕУ воспоставија институции во кои сите 28 народи работат заедно. Тоа е единствен систем каде луѓе од различна етничка и културна припадност работат

заедно и помагаат функционирањето на ЕУ да се одржи на најдобар начин.

Французите и Германците – кои беа непријатели пред 70 години, работат заедно како колеги за да ги постигнат заедничките цели. Тоа е најдобра гаранција за да се избегнат конфликтите со кои Европа се соочуваше во минатото.

Впрочем, трошоците за функционирање на институциите на ЕУ се помали од 4% од нејзиниот буџет. Нема многу влади, ако воопшто постојат такви, кои можат да покажат такви бројки.

**Помала независност** – евроскептиците сакаат да изјавуваат дека ќе има помала, или пак никаква независност доколку некоја мала земја и се приклучи  на ЕУ.

Секоја земја дава дел од својата независност на институциите на ЕУ – во замена да биде дел од процесот на донесување одлуки.

Тоа претставува начин како ЕУ може да работи заедно и да биде глобален играч. Без тоа ќе има само неколку земји на европскиот континент кои ќе можат да ја играат таа улога.

Блиските институционални врски нема да дозволат некој да застрани од патот на демократијата, пазарната економија, владеењето на правото и човековите права.

**Економски проблеми** – Да, ЕУ има економски проблеми.

Но, позитивната страна на овие проблеми е што во последните неколку години се покажа колку добро функционира солидарноста во ЕУ. Секако, постојат гласови во земјите-членки на ЕУ кои велат дека тоа не е доволно или пак дека дека е премногу за нив.

Но, на сите влади на земјите-членки на ЕУ им беше јасно дека сите ние имавме корист од таа солидарност – а не само оние кои добија финансиска помош.

Денес користиме премногу од светските ресурси. Но, агендата Европа 2020 е ефикасен одговор на тоа и може да биде постигната само ако работиме заедно.

**Евро** – доста популарна е изјавата дека еврото ќе пропадне наскоро. И ние тоа го слушаме веќе 3 години, речиси секој ден.

Еврото е светска валута и изјавувајќи крај на еврото е исто како да се изјави крај на доларот или на јенот.

Еврозоната се проширува скоро секоја година. Естонија го прифати еврото на 1-ви јануари 2012 година, а Литванија ќе

и се приклучи на Еврозоната наредната година, а после неа ќе следуваат: Полска, Република Чешка, Унгарија, Литванија, Бугарија, Романија и Хрватска кои се обврзаа на тоа. И зошто да не Шведска, Обединетото Кралство, Данска?

Ова се главните аргументи кои евроскептиците ги користат против Европската унија.

Дами и господа,

Минатата недела многу луѓе ме охрабрија да продолжам да ги промовирам вредностите, целите и придобивките на Европската унија, иако не сите земји од регионот добија добри пораки од последната средба на Европскиот совет.

Се согласувам дека тоа е потребно, но во исто време сигурен сум дека повеќето од придобивките на Европската унија им се веќе добро познати на граѓаните.

Само да споменам 3 од нив:

**1. Слободно движење на работната сила, добра и капиталот** – тоа е нешто што секој може лично да го искуси.

**2. Мир** – нешто што не го приметуваме ако го имаме.

Живеењето без војни ни овозможува предвидливост и безбедност со цел да ги живееме нашите животи на најдобар можен начин.

**3. Демократија, владеење на правото и човекови права** – ова се вредности за кои се борат многу луѓе во светот.

Ние ги имаме овие вредности во Европската унија. И се надеваме дека ќе има се повеќе земји кои ќе ги следат овие вредности, особено надвор од нашите граници.

**Да се вратиме на проширувањето на ЕУ.**

Сакам да споменам дека пред 20 години никој во Париз, Берлин, Вашингтон, Москва или Вилнус не веруваше дека Литванија ќе стане дел од Европската унија.

Денес, благодарејќи на системот на ротација, Литванија претседава со Европската унија.

Денес, Хрватска  веќе е членка на ЕУ.

Тоа значи дека проширувањето на ЕУ се случи на начин кој ги надмина сите визии и очекувања на креаторите на политики во минатото.

Ова се добри вести и за земјите кои се уште не се дел од Унијата, но чукаат на нејзината врата.

Се надеваме дека Хрватска е целосно подготвена да ги преземе обврските и да ужива во придобивките на Европската унија од првиот момент на нејзиното членство.

Хрватска сега учествува во донесувањето одлуки на ЕУ.

Хрватска помага да се донесе консензус на Европската Унија за внатрешните, како и за надворешните работи на ЕУ.

Хрватска се наоѓа во Југоисточна Европа – тоа значи дека имаме многу подобро познавање за регионот. Се надевам дека тоа ќе значи и подобро покривање на интересите на регионот.

Хрватска помина низ тешки времиња во текот на преговорите со ЕУ, па така таа го има најдоброто и најсвежото знаење за преговорите. Другите земји кои сакаат да и пристапат на Унијата сега имаат одлична можност да учат од искуството на Хрватска.

Како што реков на почетокот: проширувањето на ЕУ продолжува и нема да биде завршено се додека сите земји од регионот не се членки на Европската Унија.